ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 21-226/8

Дата: 01.10.2013

ДО
НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ“ - КУМАНОВО

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово (во понатамошен текст НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово) на сметката на основен буџет (603-14), за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на искажаните позиции во финансиските извештаи за 2012 година, поради не применување на основното буџетското начело на парично прикажување, неизвршен целосен попис на постојаните средства и на обврските, неутврдена и неевидентирана вредност на уметничките дела, на залихите на готовите производи и на обврските.

За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, ревизијата изрази негативно мислење, поради не извршен попис согласно законската регулатива, неевидентирани обврски и утврдени слабости во постапките за јавни набавки на материјали и услуги.

Со ревизијата е констатирано дека кај НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово регистрираните податоци во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи не се усогласени со реално признатите расходи евидентирани во главната книга од сметководствената евиденција на ден 31.12.2012 година, не е извршен попис на материјалните средства согласно законската регулатива, не е утврдена и евидентирана вредност на уметничките дела и на залихите на готовите производи (носии, костими и сценски реквизити), не е извршен попис и не се евидентирани обврски. Утврдени се слабости во постапките за јавни набавки и извршени се набавки на стоки и услуги без спроведување на постапки за јавни набавки.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1.________________

2.________________ ____________________

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува, регистрирање на трансакциите и промените на средствата во деловните книги и спроведување на попис на начин утврден со законските и подзаконските акти, да се утврди вредноста и да се изврши сметководствена евиденција на уметничките дела, носиите, костимите и сценските реквизити, а набавките на стоки и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“- Куманово на сметката на основен буџет (603-14) за 2012 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Роберт Павлевски, директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ –Куманово, на ден 31 декември 2012 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово не ги прикажало реално признатите расходи во 2012 година и позициите во Билансот на состојба на ден 31. декември истата година, поради не применување на буџетското начело на парично прикажување при евидентирањето на финансиските трансакции во сметководствената евиденција, неизвршен целосен попис на постојаните средства и обврските, неутврдена и неевидентирана вредност на уметничките дела и на залихите на готовите производи. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово, за 2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.05.2013 до 22.07.2013 година кај НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 26.07.2013 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-226/3 од 21.08.2013 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Финансиски извештаи

#### Биланс на приходи и расходи

3.1.1. Признатите расходи регистрирани во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи во Завршната сметка за 2012 година не се алоцирани на соодветни сметки согласно Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, односно не е извршено усогласување со податоците од главната книга во сметководствената евиденција, поради не применување на сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите и примена на несоодветни сметки. Ваквото работење претставува воспоставена пракса од минати години и не обезбедува реално прикажување на расходите, што не е во согласност со член 6 точка 1 и точка 2 и член 22 точка 5 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорниот сметководител да врши евидентирање на расходите според сметководствено начело на парично искажување на соодветните пропишани сметки со законските прописи.

#### Биланс на состојба

3.1.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на материјалните средства во Билансот на состојба, поради следното:

- На дел од опремата е пресметана амортизација по стапки за отпис кои не се во согласност со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
- Дел од опремата што е набавена во минатите години, а припаѓа на различни групи на средства, сметководствено е евидентирана во една група со иста набавна вредност и пресметана е амортизација по иста стапка, без да се утврди поединечна набавна вредност на секое средство и да се пресмета амортизација по стапки за секое поединечно средство во рамки на групите пропишани со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

- Не е пресметана ревалоризација на материјалните средства набавена во текот на 2012 година, ниту во претходниот период, како воспоставена пракса од минати години, што не е во согласност со член 28-а од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Неправилностите и погрешното утврдување на состојбата на средствата не даваат доволно уверување за реалноста и објективноста на искажаните материјални средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

Препорака

Одговорниот сметководител да пресметува амортизација и ревалоризација согласно законските прописи и сите промени на материјалните средства да ги регистрира во деловните книги и обрасци, со што ќе се обезбеди реално согледување за состојбите и движењето на средствата и изворите, и врз основа на утврдените состојби на ден 31 декември да состави основен финансиски извештај Биланс на состојба како составен дел на Завршната сметка.

3.1.3. Пописот на средствата и изворите на средства и на обврските со состојба на ден 31.12.2012 година не е извршен во согласност со член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и со членовите 29-35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за тоа се следниве утврдени состојби:

- Одлуката за вршење редовен попис на основни средства и извори на средства со состојба на ден 31.12.2012 година и решенијата за именување на членови на пописните комисии се донесени од Управниот одбор на 12.02.2013 година, а пописот е извршен во период од 25.02.2013 година до 28.02.2013 година, односно по законски утврдениот рок.
- Пописните комисии извршиле само физички попис на материјалните средства и ситниот инвентар, но не и вредносно усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот и не составиле извештаи за извршениот попис.
- Централната пописна комисија составила само пописна листа во која е наведена опремата и инвентарот кои се предлагаат за отпис, но одговорното лице не донело акт со кој треба да го констатира начинот на расходување и мерките што треба да се преземат против лицата одговорни за настанатите оштетувања на опремата, поради што во сметководствената евиденција не е евидентиран расход на таа опрема.
- Централната пописна комисија не изготвила извештај за извршениот попис, а претседателот на истата усно го информирал Управниот одбор кој на 22.04.2013 година ја усвоил информацијата со предлогот за расход по извршениот попис за 2012 година на основни средства и ситен инвентар, односно по законски утврдениот рок до 08.02.2013 година;
- Не е извршено означување на средствата со инвентарни броеви што би го олеснило извршувањето на пописот.

- Пописните комисии со извршениот попис утврдиле уметнички дела (слики, скулптури и др.) кои не се заведени во сметководствената евиденција поради тоа што немаат утврдена вредност.
- Извршен е попис на залихите на изработените носии, костими и сценски реквизити кои се чуваат во магацините, но истите не се евидентирани на сметките за залихи на материјали и останат капитал.
- Не е извршен попис на паричните средства и обврските спрема добавувачите.

Според горенаведената состојба, не е постапено согласно член 29 до 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 19 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради што ревизијата не се увери во целосноста и точноста на искажаните билансни позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

Неправилностите во извршениот попис не даваат доволно уверување за реалноста и објективноста на состојбите прикажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

Препорака

За надминување на утврдените слабости, ревизијата го препорачува следното:

- Управниот одбор навремено да донесува одлука за вршење редовен попис на основни средства и извори на средства со состојба на ден 31 декември, заради спроведување и завршување на пописот во законски утврдените рокови.
- Директорот на Установата навремено да донесува решенија за именување на членови на пописните комисии и да го организира пописот на начин кој ќе обезбеди дека пописните комисии своето работење и извршување на надлежностите кои се однесуваат на пописот ќе ги вршат со цел утврдување на фактичката состојба на средствата и обврските и нивно усогласување со сметководствената евиденција, а во рок и на начин како што се предвидени со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
- Директорот на Установата да формира комисија за утврдување на вредноста на уметничките дела искажани во пописните листи и комисија за утврдување на вредноста на изработените носии, костими и сценски реквизити.
- Одговорниот сметководител да воведе сметководствена евиденција на уметничките дела и на залихите на носии, костими и реквизити со кои располага Установата.

3.1.4. Со извршените тестирања на одделните позиции од Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година ревизијата утврди дека на позициите Активни временски разграничувања, Краткорочни обврски и Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените не се прикажани обврски во вкупен износ од 2.701 илјади денари, поради тоа што обврските по неплатени фактури кои во најголем дел се однесуваат на комунални услуги и неисплатени плати на вработените за месец декември 2012 година не се сметководствено евидентирани во деловните книги на Установата, што не е во согласност со член 2 и член 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кои се утврдени основните сметководствени начела за точно,

вистинито, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции.

Ваквата состојба има за ефект нереално и необјективно прикажување на обврските во финансиските извештаи и може да доведе до непланирани и неочекувани трошоци по основ на судски спорови.

Препорака

Одговорниот сметководител да врши целосно и навремено евидентирање на обврските согласно законските прописи во периодот за кој настанале истите.

Користење на средствата согласно законските прописи

### 3.2. Јавни набавки

Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово за 2012 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно три постапки за јавни набавки спроведени во 2012 година по кои се склучени договори во вкупен износ од 900 илјади денари.

3.2.1. Со извршениот увид во документите и евиденциите за спроведените постапки за јавни набавки со барање за прибирање на понуди кај дел од избраниот примерок, утврдени се следните неправилности:

- Набавките во Установата се реализирани без План за јавни набавки за вкупните потреби во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;
- Во решенијата за јавни набавки и во поедноставената тендерска документација наведени се критериумите за доделување на договорот, но истите не се изразени во бодови, што не е во согласност со член 28 став 2 и член 32 став 1 од Законот за јавни набавки;
- Директорот на Установата не определил лице за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите по вид, количина и цена на производите и услугите, што не е во согласност со член 29 од Законот за јавни набавки;
- Комисијата за јавни набавки кај постапките со прибирање на понуди нема воспоставена пракса да потпишува изјава за судир на интереси, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- Договорниот орган не води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди и не доставува примерок во електронска форма од евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди до Бирото за јавни набавки најдоцна до 31 јули и до 31 јануари, што не е во согласност со член 103 став 2 од

Законот за јавни набавки и член 11 став 2 од Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки.

3.2.2. Во 2012 година од сметките на Установата извршени се плаќања во вкупен износ од 558 илјади денари за набавка на стоки и услуги врз основа на спроведени постапки со барање за прибирање на понуди, кои не се во согласност со Законот за јавни набавки, и тоа:

- Еден од економските оператори чија што понуда е избрана за најповолна не доставил документ за потврдување на способноста за вршење на дејноста од таа област, при што договорниот орган требал да го покани следно рангираниот економски оператор или да ја поништи постапката, што не е во согласност со член 102 став 5 и 7 од Законот за јавни набавки.
- При евалуација на понудите не е обезбедено правилно постапување од страна на комисијата за јавни набавки бидејќи за критериум е земена само најниската цена, а не и другите критериуми определени со одлуките за јавна набавка, што не е во согласност со член 161 од Законот за јавни набавки.
- Известувањата упатени до понудувачите за извршениот избор на најповолна понуда не ги содржат сите потребни елементи (детални образложенија за причините за прифаќање или отфрлање на понудата), што не е во согласност со член 168 од Законот за јавни набавки;
- не се почитувани законските рокови на испраќање на известување за извршен избор на најпоповолен понудувач и склучување на договори кај еден од економските оператори, што не е во согласност со член 167 и член 208 став 2 од Законот за јавни набавки .

Од оваа сметка, во 2012 година се исплатени средства во износ од 531 илјади денари за набавка на огревно дрво и печатење на плакати, каталози и флаери.

3.2.3. Во 2012 година од сметките на Установата извршени се плаќања во вкупен износ од 330 илјади денари за набавка на стоки и услуги, за кои не е спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

Од оваа сметка се исплатени 210 илјади денари за материјали и ситен инвентар, канцелариски материјали, услуги за фотокопирање, компјутерска опрема и застапничка провизија на авторска агенција.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и неекономично трошење на средствата.

### Препорака

Одговорното лице да врши набавки на стоки и услуги за кои претходно е спроведена постапка за јавна набавка, да определи лице за следење на реализацијата на договорите, односно ќе врши проверка на фактурите во однос на договорите по вид, количина и цена на стоките и услугите со што ќе обезбеди набавките на стоки и услуги да бидат во согласност со понудите и склучените договори за јавна набавка, членовите на пописната комисија да ги почитуваат

законски утврдените постапки и рокови, да се воведе евиденција на постапките за прибирање на понуди и нивно доставување во електронска форма до Бирото за јавни набавки.

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точка 3.1.1. 3.1.2., 3.1.3. и 3.1.4. погоре ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2012 година поради не применување на буџетското начело на парично искажување при евидентирање на финансиските трансакции, несоодветно евидентирање на постојаните средства и на краткорочните обврски, не извршен попис на средствата на начин и со постапки пропишани во законските и подзаконските акти, погрешно пресметана амортизација и непресметана ревалоризација на материјалните средства, неутврдена и неевидентирана вредност на уметничките дела и на залихите на готовите производи (носии, костими и сценски реквизити) и неизвршен попис на паричните средства и на обврските.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово, сметка на основен буџет (603-14), за 2012 година.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово, сметка на основен буџет (603-14), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 24.09.2013 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 26.027 | 21.764 |
| **Вкупно приходи** | | 26.027 | 21.764 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 20.988 | 19.544 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.507 | 660 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 3.532 | 1.430 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 26.027 | 21.634 |
| **Вкупно расходи** | | 26.027 | 21.764 |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | 0 | 0 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 113 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **113** | **0** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 31.080 | 31.934 |
| **Вкупно постојани средства** | | **31.080** | **31.934** |
| **Вкупна актива** | | **31.193** | **31.934** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 113 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **113** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 31.080 | 31.934 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **31.080** | **31.934** |
| **Вкупна пасива** | | **31.193** | **31.934** |

| ПРЕГЛЕД | | |
|---|---|---|
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА | | |
| | | |
| | | |
| | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
| | | |
| Состојба 01.01.2011 година | 31.934 | 31.934 |
| | | |
| Зголемување по основ на: | 62 | 62 |
| Набавки | 62 | 62 |
| | | |
| Намалување по основ на: | 916 | 916 |
| Амортизација | 916 | 916 |
| | | |
| Состојба 31.12.2012 година | 31.080 | 31.080 |